*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ*
Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди
Број 13- 179/1
22.01.2014 година
С к о п ј е

# И З В Е Ш Т А Ј
## *за работата на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во 2013 година*

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди го претставува контролниот механизам на Министерството за внатрешни работи врз работата на полицијата и Министерството, поради што и надлежностите на Секторот се мошне широки и во нивното реализирање опфаќаат широк спектар на мерки и активности, кои се преземаат, а се насочени кон утврдување на непрофесионалното и незаконито постапување на вработените во Министерството за внатрешни работи, како и преземање на низа мерки и активности за нивно спречување од превентивен и репресивен аспект.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во текот на 2013 година, со бројни активности на транспарентен начин настојуваше да го продолжи трендот на зголемување на својата ефикасност и ефективност во работата и остварување на активностите содржани во Програмата за работа и стратешките приоритети на Министерството за внатрешни работи.

Изминатата година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди со бројни активности настојуваше да го зајакне капцитетот на своето работење. Во оваа насока, направени се измени во систематизација на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди со проширување на надлежностите во Одделението за професионални стандарди и превенција со воведување на нови активности од областа на интегритетот, кое прерасна во Одделение за професионални стандарди, интегритет и превенција.

Од 2013 година, отпочна со реализација на Проект за имплементација на Прирачникот за полициски интегритет издаден од Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили- DCAF, во чии рамки на вработени во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди им беше спроведена обука за обучувачи, кои понатаму спроведоа обука од

областа на „Полициски интегритет" на 80 полициски службеници од Секторите за внатрешни работи на Министерството. Таквите обуки, согласно предвидените активности, ќе продолжат и во 2014 година, со цел ширење на стекнатите знаења, секој вработен во полицијата и Министерството да биде запознат со значењето на полицискиот интегритет и потребата од понатамошно јакнење и применливост во секојдневното работење.

Во насока на јакнење на капацитетите на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, на меѓународно ниво, би ја истакнале остварената соработка со сродни служби од регионот, а интенција на Секторот е проширување на ваквата соработка и во текот на 2014 година. Веќе четврта година по ред Министерството за внатрешни работи преку Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди е домаќин на меѓунарона конференција на сродните служби од регионот.

Инаку, и во текот на 2013 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди непосредно работеше на документирање на пречекорувањето на законските овластувања на овластените службени лица, расчистување на неправилностите во работењето на припадници на МВР како по податоци, информации и сознанија, кои самостојно ги прибира така и по добиени известувања, анонимни достави, претставки од граѓани и вработени во МВР, проверки по барања од јавните обвинителства, институциите за надворешна контрола на Министерството, невладини организации и други субјекти.

## *Статистички показатели за работата на Секторот*

Во текот на изминатата година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, презеде мерки за испитување на **1.584** (1.644)[1] случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува благо намалување на случаите за 3,6 % во однос на минатата година.

Најголем број на случаи, кои беа предмет на работа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди се однесуваа на вработени во СВР Скопје- 434 случаи, потоа во СВР Куманово- 182, по 149 случаи во СВР Битола и СВР Штип, СВР Тетово- 132, 121 случаи се однесуваат на вработени во службите за гранични работи, СВР Охрид- 104, 95 предмети се за вработени во Бирото за јавна безбедност, СВР Велес- 94, СВР Струмица-63, додека останатите 61 случај се за вработени во останатите служби во Министерството за внатрешни работи.

---

1 *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*




Во изминатата 2013 година, примени се **652** (596) **писмени претставки од граѓани**, (од нив 21 претставка се добиени по електронски пат) со што е забележан пораст за 9,4 % на примени писмени представки споредено со истиот период минатата година. Незначително зголемување од 1,7 % е забележано и кај примените **записници за усно поднесени претставки- 352** (346), во кои граѓаните реагираат на одредени неправилности во работењето претежно на полициските службеници. Исто така, за 69 % е зголемен и бројот на примени **анонимни поднесоци- 108** (64), во кои граѓаните укажуваат на одредени неправилности во работењето на вработените во МВР, а од најразлични причини не ги кажуваат сопствените генералии. Меѓутоа пак, големо намалување за околу 84 % е забележано на бројот на пријавите за непрофесионално и незаконско постапување на припадници на МВР **по пријава на тел. број 199.** Како резултат на овие телефонски пријави за еден случај Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди постапуваше во содејство со СВР Куманово и по целосно документирање на случајот од страна на СВР - Куманово е поднесена кривична пријава против референ во Одделение за управни работи за сторени кривични дела „примање поткуп“ и „фалсификување или уништување деловни книги“, додека СВКПС изрече задолжителна мерка до непосредниот раководител да поднесе предлог до Министерот за внатрешни работи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност заради донесување на решение без водење на посебна постапка пред Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност.

Писмени реакции во вид на претставки жалби и поплаки против работата на вработените во Министерството за внатрешни работи се добивани и преку невладини организации, вкупно - **14** (девет). Нивниот број споредено со минатата година е зголемен за 55 %. Притоа, најбројни се претставките добиени од **Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМакедонија-седум,** потоа **три** се од **Transparency international-Македонија, две** од Коалицијата **„Сите за правично судење“**, и **по една**

претставка од **НВО „Центар за граѓанска иницијатива“ и „Европски центар за Ромски права“.**

Во овој период за 28 % е намален бројот на добиени претставки од **Народниот правобранител- 23** (32). Понатаму, во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди претставки се добивани од **адвокати како полномошници на граѓани- 48** (35), како и **49** (82) претставки од други субјекти-правни лица.




Во најголем број на случаи, претставките се однесуваат на забелешки за непрофесионално постапување на овластените службени лица во смисла на непреземање на службени дејства по однос на одреден настан или се незадоволни од преземените мерки и активности, а во дел од претставките се изнесуваат забелешки по однос на изречените мерки за наплата на глоба за сторени прекршоци најчесто од ЗБПС, начинот на изготвување на записници за случени сообраќајни незгоди, начинот на постапување на полициските службеници при превземање на полициските овластувања и слично.

По однос на претставките, би сакале да укажеме дека за одредени случаи (предмети), истовремени или последователно се добивани поднесоци од повеќе субјекти (граѓани, невладини, народен правобранител и др.)

Покрај, добиените претставки, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди постапуваше врз основа на сопствени податоци и сознанија, по добиени известувања, по наредба на Министерот, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени и **137** (188) **службени материјали (сл.белешки, информации, телеграми) од организационите единици во МВР** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од припадници на МВР.

Од **1.584** случаи за кои се вршени проверки, **1.145** (1.121) **или 72 % се предмети кои се постапувани врз основа на добиени претставки од граѓански и правни лица** во кои се посочени неправилности извршени од страна на вработени во МВР, а останатите се по добиени известувања,

сознанија и друго. Од анализа на структурата на добиени и постапени предмети по претставки од граѓани, може де се констатира дека во **774** (758) случаи наводите изнесени во претставките се **неосновани, 134** (157) случаи **се основани,** исто толку предмети **- 134** (126) се без исход, односно **нема доволно докази** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, **63** (40) се **делумно основани**, за **30** (33) случаи по извршените проверки на наводите во претставките е утврдено дека нема основ за постапување или не се во надлежност на СВКПС и за **10** (7) **предмети** има потреба од дополнително преземање на мерки, односно **проверките продолжуваат**.




2013 година




2012 година

Инаку, за сите постапени 1.584 предмети за сите случаи каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на МВР и останатите правилници, од страна на СВКПС се изречени задолжителни дисциплински мерки до началниците каде се вработени службените лица кои непрофесионално и незаконски постапувале, согласно одредбите од Колективниот договор да иницираат соодветни постаки према истите.

За утврдените неправилности СВКПС против **277** (347) полициски службеници изрече задолжителна мерка за поведување на **постапка за утврдување на одговорност пред Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност**, од нив за **четворица** (13) припадници на МВР изречена е и задолжителна мерка да бидат отстранети од работното место и Министерството- **суспендирани** се до завршување на постапката пред Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност. Во текот на изминатата година од страна на Комисиите за дисциплинска одговорност во МВР по иницијатива на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди завршени се 252 постапки по кои на Предлог на надлежните Комисии, Министерот за внатрешни работи донел 125 решенија за парични казни, за 63 лица писмено предупредување, за шест лице е изречена мерка прераспоредување на пониски работни места, условно откажување на договор за вработување за пет лица, а за седум вработени по предлог на Комисијата, Министерот донел Решение за отказ

на договор за вработување, 46 постапки се запрени или отфрлени, бидејќи Комисијата утврдила дека нема повреда на член од Колективниот договор на МВР или настанла застареност за изрекување на дисциплинска мерка.

Покрај постапката за утврдување на дисциплинска одговорност, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди согласно подзаконските акти може да изрече и други задолжителни мерки до непосредниот старешина да ги преземе против работниците во МВР кои непрофесионално или незаконски постапувале. Така, во текот на изминатата година СВКПС изрече задолжителна мерка **укажување** (предупредување) за **261** (244) службено лице, а за **20** (шест) **вработени во МВР** е изречена задолжителна мерка непосредниот раководител да изготви предлог до Министерот за внатрешни работи да донесе Решение без водење на посебна постапка пред надлежната Комисија. За **45** (74) **службени лица** е изречена задолжителна мерка покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност за надомест на штета.

Инаку, во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на службените лица кои имаа обележје на кривично дело, од страна на СВКПС се поднесени **11** (16) **кривични пријави,** против **12 вработени во МВР** и две непознати лица за сторени **12 кривични дела**, од кои пет кривични дела **„злоупотреба на службената положба и овластување" и по едно кривично дело „примање поткуп", „мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување", „спречување на службено лице во вршење на службено дејствие", „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница", „насилство", „ фалсификување на исправа" и „кражба".**

Од вкупно кривично пријавените службени лица, девет се вработени како полицајци, двајца сменоводители и еден водич за превенција на безбедносен реон. Од нив, 11 се вработени во Секторите за внатрешни работи и тоа по тројца во СВР – Битола ( сите тројца од ПС од ОН „Прилеп") и СВР – Штип ( девајца од ПС од ОН „Штип" и еден од ПС од ОН „Пробиштип"), двајца од СВР – Тетово (по еден од ПО „Попова Шапка" и од ПО за БПС „Гостивар), и по еден од СВР – Скопје - ПС од ОН „Центар"), СВР – Велес - ПС од ОН „Неготино", СВР – Охрид - ПО за БПС „Дебар", како и еден вработен од РЦ за ГР „Запад"- ПС за ГН и ГП „Блато".

Покрај ова, во 2013 година се изготвени и доставени 45 (70) **Посебни извештаи** до Основните јавни обвинителства во Р.Македонија, од кои **25** (40) **Посебни извештаи се за известување** на надлежниот јавен обвинител за негово понатамошно постапување, а 20 (30) **Посебни извештаи се доставени по барање на ОЈО**.

Во текот на 2013 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди постапуваше по **57 поднесоци** во кои е наведено дека од полициски службеници **е употребена физичка сила** (поднесоци се од од граѓани и поднесоци по известување од организациони единици во МВР). По преземени мерки е утврдено дека 33 поднесоци се **неосновани,** односно полициските службеници не употребиле физичка

сила или пак употребата на физичка сила и средствата за присилба се оправдани и правилно употребени, во **23 случаи** поради немање на доволно докази **не може да се утврдат наводите во претставката** за ваков вид на постапување. За еден случај е утврдено дека неоправдано е употребена или е употребена прекумерна физичка сила, поради што СВКПС против полицискиот службеник и едно граѓанско лице поднесе кривична пријава за сторено кривично дело „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување“. Против полицискиот службеник, покрај кривичната пријава, СВКПС изрече и задолжителна мерка непосредниот раководител, согласно одредбите од Колективниот договор на МВР да поднесе предлог за утврдување на дисциплинска одговорност пред надлежната Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност, а до завршување на постапката да биде отстранет од работното место и од Министерството- суспендиран, додека пак против друг полицискиот службеник, кој бил присутен за време на настанот, а не презел мерки за заштита на граѓанинот е изречена задолжителна мерка, поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност до надлежната Комисија.




При тоа напоменуваме дека, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во анализираниот период и во оние случаи каде што немаше докази за да се потврди употребата на физичка сила, односно постојат недоречености и одредени контрадикторности во изјавите, а граѓаните имале телесни повреди во девет случаи поднесе Посебни извештаи до надлежните Јавни обвинителства за нивно запознавање и натамошно постапување.

Во текот на годината, СВКПС во седум наврати ја ***испитуваше основаноста оправданоста и правилноста од употребата на средства за присилба*** и тоа во пет случаи ***е употребена физичка сила и други средства за присилба, заради воспоставување на нарушен јавен ред и мир од поголем обем и во еден случај огнено оружје за спречување на сторител во извршување на кривично дело, при што на истиот му е нанесена телесна повреда.*** **За сите случаи по преземени мерки СВКПС оцени дека употребата на средствата за присилба** од страна на полициските службеници, со цел да се отстрани опасноста од загрозување на безбедноста на граѓаните, имотот, како и нивната лична безбедност **е основана, оправдана и правилно применета.** Инаку, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди за сите случаи за кои е

известен дека има било какво незаконско и непрофесионално постапување спрема граѓаните од полициските службеници, Секторот без исклучок постапува и крајно професионално ги испитува сите наводи во претставките, без селективен пристап во работата, со еднаков третман кон сите граѓани, а по извршените проверки благовремено се доставуваат одговори до подносителите на претставките.

Во врска со добиените предмети, како за предметите за кои се вршени проверки, така и за оние предмети по кои не е вршено проверки (предмети кои се препраќани до други организациони единици за постапување или предмети за кои на граѓаните им е дадено објаснување или укажување), доставени се **1.202 одговори и известувања до граѓаните**, **14 одговори до невладини организации**, **93 одговори до фирми**, **39 одговори до адвокати**, како и одговори до други субјекти и правни лица.

Од вкупно примените **23** поднесоци од **Народниот правобранител, одговор е доставен на 21 претставка, додека за две претставки проверките се во тек.**

Во рамки на **Проектот „Ден на идеи 2012 година" на Владата на Р.Македонија,** Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди предвиде активности за поставување на сандачиња за поедноставување на постапката за пријавување на прекршувањата на законот и полициските овластувања од страна на полициски службеници, за што е изготвен и Акционен план за реализација на истиот. Согласно планираното поставени се сандачиња во сите 38 полициски станици од општа надлежност, во која граѓаните ќе можат да ги оставаат претставките и поплаките против вработените во Министерството за внатрешни работи.

Во изминатата година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди излезе на лице место на **124** случени **сообраќајни незгоди, во кои учествуваат вработени во МВР, кои управуваат возила сопственост на МВР**. За случаите каде е констатирано дека при управување на службените возила на вработените во Министерството не ги почитувале законските прописи при што е настаната материјална штета на возилата сопственост на МВР, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди до непосредните раководители каде истите се вработени изрече задолжителни мерки да бидат покренати **38 постапки за утврдување на материјална одговорност.**

Во 2013 година, отпочната е реализација на **Проектот „Градење на капацитети на институциите кои го спроведуваат законот за соодветен третман на задржани и притворени лица"**, кој беше потпишан на 30.11.2012 година. Проектот ќе се спроведува и во 2014 година, и е предвиден во рамките на програмата ИПА 2009 и се имплементира од страна на Совет на Европа, а крајни корисници се Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда. Од Министерството за внатрешни работи, корисници на овој проект се Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и Секторот за полициски работи од општа и посебна надлежност. Целта на проектот е да се унапреди почитувањето на

човековите права од страна на полицијата и казнено-поправните установи во согласност со европските стандарди. Во рамките на овој Проект, експерти ангажирани од Канцеларијата на Совет на Европа, како имплементатори на овој Проект, во два наврати оствариja повеќедневни посети на Министерството за внатрешни работи. Во рамките на една од посетите беше реализирана работилница на која беше разработен Концептот за човекови права, согласно меѓународните стандарди и најдобри практики, а беше изготвен и Извештај од оценката на рамката за спречување на непровилно постапување и системот на претставки против полицијата. За овие изработени документи беа одржани две тркалезни маси, на кои покрај претставници од Министерството за внатрешни работи учествуваа експери од областа на човековите права, Канцеларијата на Народниот правобранител и невладини организации. Во рамките на овој Проект, беше спроведена и студиска посета во Република Ирска.

Посебно, оваа година, би сакале да ја истакнеме важноста на активностите што Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди ги спроведува во соработка со Одделот за полиција на Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (ДЦАФ), рамки на **Проект за имплементација на Прирачникот за полициски интегритет**, издаден од нивна страна. Целта на проектот е унапредувањето на интегритет на вработените во Министерството за внатрешни работи. Спроведена е обука за обучувачи на дел од вработените во Секторот, кои отпочнаа да спроведуваат обука на структури во МВР, со цел, секој вработен да биде запознат со значењето на полицискиот интегритет и потребата од понатамошно јакнење и применливост на интегритетот во секојдневното работење (пошироко за активностите во врска со овој Проект е опфатено во делот за обуки).

## Спроведени контроли од страна на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во организациски единици на МВР

Во текот на годината, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди преземаше интензивни активности во насока на спроведување на контроли во организацски единици на МВР, со цел утврдување на алкохолизираност на полициските службеници за време на работа, почитување на работното време, употреба на службени возила со уредно издаден налог за патување, почитување на член 128 став 3 од Законот за внатрешни работи, увид во работните и оперативни евиденции и почитувањето на постапката со повикани, приведени и задржани лица во полициските станици, предвидени во стандардните оперативни процедури. Извршени се 144 контроли во различни организациски единици на подрачјето на Секторите за внатрешни работи и тоа на подрачјето на СВР-Битола-29 контроли, СВР-Штип-28, во СВР Струмица-20, по 18 во СВР-Охрид СВР- Куманово и СВР Тетово, СВР Велес-10 и во СВР Скопје-три контроли.

Извршени се и 73 контроли на подрачјата на Регионалните центри за гранични работи и во организациски единици на РЦ за ГР „Север“-23, РЦ а ГР „Исток“-19, РЦ за ГР „Запад“-16 и на подрачје на РЦ за ГР „Југ“-15, а извршени се и две контроли на автопатските единици за безбедност на сообраќајот. Извршено е алкотестирање на 2.668 полициски службеници, при што кај 29 лица е утврдено присуство на алкохол во организмот, за што од страна на СВКПС до непосредните старешини е изречена задолжителна мерка против истите да биде покрената дисциплинска постапка. Покрај ова, се изречени задолжителни мерки за поведување на дисциплинска постапка и против полициски службеник од ПС од ОН „Прилеп“ кој неоправдано отсуствувал од работа, како и поради пропуст во вршење или неизвршување на работните обврски, против командир и помошник на командирот на ПС од ОН „Македонски Брод“ и полицаец од ПС од ОН „Дебар“. Покрај ова, при извршените контроли констатирани се пропусти во однос на  начинот на водење на евиденциите или не почитување на правилата и прописите на министерството, поради што против 15 полициски службеници е изречена задолжителна мерка укажување со предупредување во иднина да го подобрат работењето, а во 21 случај СВКПС им укажа на  непосредните раководители да преземат активности во насока на воспоставување уредни евиденции во организациските единици што се под нивна надлежност.

Во периодот од 06.09 до 04.12.2013 година, согласно наредба потпишана од Министерот за внатрешни работи и претходно изготвен оперативен план спроведени се 11 контроли во Полициските станици од општа надлежност, за утврдување во колку случаи од страна на полицијата е употребена физичка сила и средства за присилба и дали за употребата е изготвен извештај, оценка за оправданоста за употреба на физичка сила и средства за присилба. Од извршениот увид во досиеја за употребата на средства за присилба, по случаен избор констатирано е дека  во контролираните полициски станици, изготвени се извештаи за употреба на средства за присилба, оценка за основаноста, како и останати службени материјали.

Истовремено, спроведени се контроли во организациските единици на МВР на пријавени кривични дела кои се гонат по службена должност и кривични дела кои се гонат по приватна тужба. До изготвување на Извештајот, такви контроли се спроведени  во организациски единици на СВР-Скопје, СВР-Струмица, СВР-Штип, СВР-Велес, СВР-Битола и СВР-Тетово.

Во периодот од 20 до 23.03.2013 година, **СВКПС** согласно делокругот на ндлежностите **спроведе контроли во Одделението за управни работи-Скопје и Отсеците за управни работи во СВР при Одделот за граѓански работи,** на подрачјето на Република Македонија, при што **цел на контролите беше да се утврди почитувањето на условите и процедурите за издавање на лични карти по основ на исчезнување, губење и кражба на лични карти** (издавање на дупликати на лични карти) и почитување на условите и постапката за издавање на ваквите лични карти. При тоа, општа констатација на СВКПС е дека во однос на постапувањето по барањата за

издавање на лични карти по разни основи, особено во однос на издавањето „дупликат“ лични карти се испочитувани законските и подзаконските прописи, како и стандардните процедури воспоставени со интерните акти на министерството.

Во периодот од 18 до 29.11.2013 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди спроведе контроли во Одделението за странци и реадмисија -Скопје и во Отсеците за странци и реадмисија - Скопје, Куманово и Тетово при РЦ за ГР Север; во Одделение за илегална миграција, прекуграничен криминал, странци и реадмисија и во Отсекот за са странци и реадмисија - Охрид, Струга, Кичево и Дебар при РЦ за ГР Запад; во Отсекот за странци и реадмисија -Кавадарци, Гевгелија и Велес при РЦ за ГР Југ и Отсекот за странци и реадмисија - Делчево, Кочани, Берово и Штип при РЦ за ГР „Исток“. Целта на контролата беше откривање и документирање на евентуални неправилности или одредени пропусти и недоследности во работењето, во врска со Законот за странци и другите закони кои ја регулираат оваа област. **СВКПС врз основа на извршените контроли, константира дека Отсеците за странци и реадмисија,** во однос на дозволите за привремен и постојан престој, како и во однос на решенијата за изрекување на заштитни мерки против странци, **постапуваат согласно Законот за странци, а евиденциите во истите уредно се водат и ажурираат.**

Во текот на анализираната година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во координација со Државниот инспекторат за транспорт **изврши 13 контроли на наплатни станици во Републикава** со цел откривање на злоупотреба на службените легитимации и поминување на наплатни станици на вработени во МВР, без при тоа да бидат подмирени трошоците согласно Законот за јавни патишта. За време на контролата **без да платат патарина поминале 108 граѓани од кои седум вработени во МВР. Од нив чеворица со покажување на службена легитимација ја поминале наплатната станица без да ги подмират трошоците, а тројца вработени ја поминале наплатната рампа со службено возило без да застане, со покажување на сообраќајна дозвола за службено возило и со вклучување на светлосни сигнални уреди-флечери. Покрај ова, без да плати патарина со покажување на службена легитимација на МВР, поминал и граѓанин на кој со отказ му престанал договорот за вработување.** Покрај платниот налог за наплата на глоба од страна на СВКПС е изречена задолжителна мерка против вработените во МВР, да биде поднесен предлог за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина до надлежната Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност, додека од граѓанинот кој неовластено употребил службена легитимација, истата е одземена, а случајот е предаден на СВР Скопје за преземање на мерки од нивна надлежност поради лажното претставување.

## Соработка со сродни служби од други држави

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и оваа година ги продолжи активностите за остварување на средби со повеќе сродни служби од другите држави, со цел размена на искуства, и примена на позитивните пракси на другите служби. Во таа насока, одржани се работни средби со претставници на Дирекцијата за професионални стандарди при МВР на РАлбанија и раководителот на Федералното биро за антикорупција (БАК) во Сојузното министерство за внатрешни работи на Австрија.

Во периодот од 05 до 07.11.2013 година во Скопје, се одржа четвртата по ред Регионална конференција на единиците за внатрешна контрола од регионот со поддршка и помош на Одделот за полициска програма на DCAF од Женева и Мисијата на ОБСЕ во РМакедонија. Темата на конференцијата беше „Полициски интегритет, отчетност и надворешен надзор", на која покрај претставници од Македонија, учествуваа и 11 делегации од службите за внатрешна контрола од државите од регионот.

Исто така, во мај 2013 година, потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Албанија за соработка од областа на внатрешната контрола.

Во периодот од 05 до 09.08.2013 година, во Будимпешта-Р.Унгарија, претставник од Секторот учествуваше на 23-тиот симпозиум на тема „Универзални прашања за полициското работење", на кој се обработувани теми од областа на корупцијата, тероризмот, компјутерскиот криминал, менаџирањето со полицијата и полицијата и јавноста.

## Обуки за вработените во Секторот

За подобрување и јакнење на капацитетите на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди од исклучителна важност е стручното и професионално постапување на вработените во извршување на службените задачи, што се постигнува со континуирана и стручна обука на вработените во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди. Со ваквите обуки кај вработените се проширува нивното знаење и се подобраат вештините за работа.

Во март и во јуни 2013 година, во Гевгелија и Охрид, седумина вработени во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди учестваа на напредната петдневна обука „Напредни техники на испитување и интервјуирање", во организација на Програмата при Одделот за Правда на САД – ИЦИТАП (ICITAP).

Двајца претставници на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди учествуваа на Регионален семинар на тема "Борбата против корупцијата во полицијата" што се одржа во Скопје, на кој

присуствуваа претставници на службите за внатрешна контрола од регионот, а на кој беше презентиран и претставен Прирачникот за деонтолошка евалуација, изготвен од Генералната инспекција за француската полиција и жандармерија.

На 06.03.2013 година, во Дирекцијата за заштита на лични податоци претставник од Секторот присуствуваше на обука за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Почнувајќи од 14.03.2013 година, во Центарот за обука, вработените од СВКПС, континуирано посетуваа четиридневна обука за примена на новиот Закон за кривична постапка со цел запознавање со новиот концепт на законот.

Во мај 2013 година, претставник од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди учествуваше на работилница организирана од Народниот правобранител-Национален превентивен механизам поддржан преку инструментот TAIEX на Европската комисија и во соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци, на тема „Видео надзор во местата на лишување од слобода“.

Во јуни 2013 година, во Пониква, претставник од Секторот, присуствуваше на дводневен семинар организиран од Одделението за стратешко планирање при Секторот за полиција и криминалистички работи во БЈБ, на тема „Воспоставување на систем за следење на спроведувањето, информирањето и евалуација на спроведените резултати од активностите на Стратешкиот план, изготвување на Стратешки план за 2014-2016 година, согласно измените и дополнувањето на Законот за буџетите“.

Во рамки на Проектот за имплементација на Прирачникот за полициски интегритет издаден од Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили, во периодот од 21 до 25 октомври 2013 година, во Скопје се спроведе петдневен курс за обучувачи за Полициски интегритет во организација на ОБСЕ и DCAF, при што со ваков вид на вештини се стекнаа 12 вработени од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.

Од 18 до 21 ноември 2013 година, обучувачите од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, во Скопје, Струмица и Охрид спроведоа обука на тема „Полициски интегритет“ за 80 полициски службеници од Секторите за внатрешни работи на Министерството.

Исто така, во рамки на проектот во периодот од 12 до 13 декември 2013 година во Скопје, експертите од DCAF извршија обука на 20 вработени од раководниот кадар на организациски единици на Министерството за внатрешни работи. Истите, претходно ја завршија и E-learning обуката на DCAF.

На 06.12.2013 година, двајца претставници од Секторот присуствуваа на Работилница „Заштита на малолетни лица при полициско задржување“, организирана во рамки на TAIEX програмата, во соработка со Народниот правобранител.

## Кадровско екипирање на Секторот

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, како и изминатите години така и во 2013 година, настојува да ги зајакне капацитетите за работа со цел спречување на било какви појави на незаконско и непрофесионално постапување вклучително и постапување на полициските службеници со кои се крши корпусот на човекови слободи и права. За пополнување на работни места согласно новата систематизација беа распишани интерни огласи по кои се пополнети две работни места. При тоа беше направена селекцијата и избор на професионални кадри за работа, кои под водство на ментор истите поминаа обука во Секторот по конкретно изработена Програма за основна и дополнителна обука за нивно запознавање со надлежностите и начинот на работа.

За успешно функционирање и ефикасно извршување на работните задачи дополнително со спроведувањето на соодветните форми на стручно оспособување (наведени погоре) се работи на подигање на интегритет и професионалниот пристап во работењето.

## *Јакнење на институционалната и меѓуинституционална соработката на Секторот со институции задолжени за борба против незаконско и непрофесионално постапување*

И во 2013 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди продолжи со активности за зајакнување на соработката со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во МВР, Основните јавни обвинителства и судовите се со цел поефикасна борба против незаконското и непрофесионално постапување на вработени во Министерството.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, во случаите кога има основано сомнение дека одреден полициски службеник или овластено службено лице е сторител на кривично дело, задолжително вршеше консултации со надлежното Јавно обвинителство. Истовремено, Секторот благовремено и сеопфатно постапуваше по сите дописи од Обвинителствата и Судовите. Во извештајниот период се поднесени 11 кривични пријави и 45 Посебни извештаи.

Со цел продлабочување на соработката, особено со Обвинителствата, интенција на Секторот е во текот на 2014 година, активно да се вклучи во сите форми на стручно оспособување пред се во делот учеството во истрагите и посебните истражни мерки.

Во делот на меѓуинституционалната соработка, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди остваруваше соработка со Државниот инспекторат за транспорт при Министерството за транспорт и врски со цел спроведување на заеднички контроли, на наплатните станици во републиката. Како резултат на таа соработка **се извршените 13**

**контроли на наплатни станици во Републикава** (погоре опишано во делот за контроли).

Подготвени за понатамошно продлабочување на соработката во делот на внатрешната контрола, оваа година, Министерството за внатрешни работи потпиша Меморандум за соработка со Министерството за финансии-Управа за јавни приходи. Со потпишување на овој меморандум надлежните служби од областа на внатрешната контрола и професионално работење од двете министерства се ја потврдија заедничката заложба и интерес да дадат свој придонес кон ефикасно откривање и гонење на незаконито и непрофесионално постапување на вработените во Министерството за внатрешни работи и Управата за јавни приходи. Цел на меморандумот е да обезбеди меѓусебна соработка и координација во однос на: меѓусебна размена на информации; одредување на заеднички приоритети; координирање на активностите; формирање на заеднички мултидисциплинарни тимови за разрешување на одделни случаи; преземање на заеднички акции; на барање на една од Договорните страни, другата Договорна страна дава помош во вид на заедничко дејствување на терен; разработка на заеднички, стандарди, особено во делот на прибирање и обработка на информации и прреземање на заеднички активности за обезбедување на континуирана едукација на човечки ресурси.

Во рамките на соработката на Единицата за професионални стандарди во Управа за јавни приходи и Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во МВР, вработени од Секторот пружија СВКПС беше дадена асистенција во однос на утврдување на присуство на алкохол кај вработените во Царинската управа.

### *Јакнење на соработката со Народниот правобранител и Невладините организации*

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи, а посебно на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и во 2013 година, беше остварување на континуирана соработката со Народниот правобранител и невладините организации, имајќи ја предвид нивната оснвна функција, која се состои во давање правна помош и заштита на основните права и слободи на граѓаните во случаи кога истите им се загрозени.

Во оваа насока, Секторот ја продолжи својата активност за одговорно и сеопфатно информирање на Народниот правобранител и невладините организации за своите активности. Сите доставиод Народниот правобранител и невладините организации сериозно се земаат во постапка и во рамките на нужно неопходното време за заокружување на проверките, благовремено се одговараат.

Во текот на годината забележано е намалување од 28 % на бројот на примени претставки преку Народниот правобранител, додека за 55 % е зголемен бројот на претставките од невладините организации.

Во насока на продлабочување и унапредување на соработката со Народниот правобранител, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и оваа година, продолжи со активности за организирање на обуки од областа на заштитата на човековите слободи и права, заедно со претставници од невладините организации и канцеларијата на Народниот правобранител. На 26 и 27.09, како и на 01.10 и 02.10 2013 година, во Центарот за обука при МВР беше одржана обука на тема „Заштита на човековите слободи и права при примена на полициските овластувања“. Обука е спроведена на Единицата за борба против криминалот при СВР Скопје, Одделенијата за општи патроли при СВР Скопје, Единицата за специјални задачи и Единицата за брзо распоредување. На обуката покрај Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди учество земаа претставници на Канцеларијата на Народниот правобранител како надворешен контролен механизам врз работата на полицијата, како и претставници на Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија.

Покрај ова, претставник од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди учествуваше на работилница организирана од Народниот правобранител-Национален превентивен механизам поддржан преку инструментот TAIEX на Европската комисија и во соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци, на тема „Видео надзор во местата на лишување од слобода“.

### *Имплементација на Антикорупциската програма*

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, следејќи ги современите трендови на полето на сузбивање на корупцијата на почетокот на 2013 година, во име на Министерството ја донесе Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи за 2013 година при што се насочи кон превземање на превентивни мерки фокусирани на смалување на можностите и создавање на неповолни услови за извршување на кривични дела со елементи на корупција. Превентивните антикорупциски мерки беа во насока на спречување, откривање на причините и условите за корупција и нивно отстранување, додека репресивните активности останаа како корективни мерки насочени за санкционирање на незаконското работење со отстранување на штетните последици.

Покрај, Антикорупциската програма беше изготвен и Акциски план за нејзина реализација во која беа дефинирани активностите, временската рамка за реализација, носителите на активности и индикатори на успех. Во Антикорупциската програма за 2013 година беа предвидени целите на програмата, кои се одвиваа во насока на континуирана обука на вработените во Министерството и полицијата, обука на полициските кадри кои се спротивставуваат на корупцијата; воведување на превентивни програми за спречување на корупцијата во Министерството и полицијата;

доследно почитување на член 128 од ЗВР; јакнење на интегритетот, одговорност и кодекс на полициско однесување; спроведување на систем на кариера; ефикасност и ефективност во работата на службите во составот на Министерството за внатрешни работи; зајакнување на меѓу-институционалната соработка; унапредување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата; спречување на судирот на интереси при вршење на јавни должности; ширење на јавната свест кај граѓаните за штетноста од корупцијата и Транспарентност во работењето, значаен сегмент за спречување на корупцијата во Министерството за внатрешни работи.

Во текот на годината, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, кој е задолжен за реализацијата на активностите на Акцискиот план ги следеше и насочуваше мерките и активностите кои се презема во таа насока. Оценка на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди е дека Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи за 2013 година во главно е реализирана согласно Акцискиот план.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во текот на 2013 година, согласно своите надлежности водеше постапки за утврдување на фактичката состојба во сите случаи на сомнение дека постои корупција или коруптивно однесување и таквите случаи соодветно ги санкционира. Како резултат на таквата активност од вкупно 11 кривични пријави, шест кривични пријави се за сторени шест кривични дела со елементи на корупција. Од нив, најмногу-5 се „злоупотреба на службената положба и овластување“и едно кривично дело „примање поткуп“, за што се пријавени осуммина вработени од Министерството.

И за 2014 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди изготви нова Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи со Акциски план за нејзина имплементација во која се дефинирани целите и приоритетите за 2014 година.

Во насока на стручно усовршување на вработените во делот на откривање на коруптивните форми на однесување, за вработените од СВКПС се и спроведените обуки на вработените во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди (погоре изнесени во делот за обуките на вработените во Секторот).

Во контекст на антикорупциското дејствување на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди за обележување е и одржаната дводневна четврта по ред Регионална конференција во Скопје на тема „Полициски интегритет, отчетност и надворешен надзор“.

**ПРИЛОГ:** - Табеларен преглед на одредени податоци.

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**д-р Анета Станчевска**

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД**
**на одредени податоци од Секторот ва внатрешна контрола и професионални стандарди**

I. Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди по вид и години:

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведув. дисц. постапка | Укажување со предупре-дување | Постап. за надомест на матер. штета | Оддале-чување од раб.место | Решение за отказ без водење дисц.пост. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 г. | 1148 | 75 | 173 | 122 | 32 | 39 | |
| 2009 г. | 1355 | 50 | 201 | 193 | 84 | 28 | 66 |
| 2010 г | 1261 | 29 | 219 | 161 | 85 | 9 | 14 |
| 2011 г. | 1250 | 30 | 228 | 230 | 62 | 9 | 29 |
| 2012 г. | 1644 | 23 | 347 | 244 | 74 | 11 | 6 |
| 2013 г. | 1584 | 12 | 277 | 261 | 45 | 4 | 20 |

II. Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила.

| | вкупно поднесоци | основани | неосновани | нема докази | делумно основани |
|---|---|---|---|---|---|
| 2008 година | 64 | 4 | 36 | 24 | / |
| 2009 година | 79 | 6 | 37 | 36 | / |
| 2010 година | 64 | 5 | 38 | 20 | 1 |
| 2011 година | 63 | 8 | 44 | 11 | / |
| 2012 година | 73 | 4 | 46 | 23 | / |
| 2013 година | 57 | 1 | 33 | 23 | / |

## III. Поднесоци од Народниот правобранител

| | Вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2008 година | 51 | 46+ (6) [2] |
| 2009 година | 70 | 68+ (5) |
| 2010 година | 41 | 40+(2) |
| 2011 година | 26 | 26+(1) |
| 2012 година | 32 | 32 |
| 2013 година | 23 | 21 |

## IV. Добиени и одговорени поднесоци од невладини организации

| | примени | одговорени |
|---|---|---|
| Хелсиншки комитет | 7 | 7 |
| Transparency international | 3 | 3 |
| Центар за граѓанска иницијатива | 1 | 1 |
| Европски центар за ромски права | 1 | 1 |
| Сите за правично судење | 2 | 2 |
| Вкупно | 14 | 14 |

[2] Бројката во заградата се однесува на одговор по претставки добиени претходната година.